# СОГЛАСНОСТ

Со оваа согласност се дефинираат условите кои треба да ги исполнува секое семејство кое ќе изрази интерес да обезбеди сместување за студенти во периодот 10-31 јули 2015, во рамките на програмата „BIRTHRIGHT MACEDONIA (BRM)“ спроведувана од Обединета Македонска Дијаспора (ОМД) во партнерство со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

1. **Општи услови**

**1.1** Со потпишување на оваа согласност, долупотпишаниот потврдува дека никој од семејството нема криминално досие ниту бил обвинет за кривично дело.

**1.2** Семејството домаќин треба да има најмалку едно дете на проближна возраст со студентот кој ќе престојува во нивниот дом и тоа дете да живее во истиот.

**1.3** Секое семејство може да понуди сместување на најмногу двајца студенти, доколу располага со потребните услови.

2. **Специфични услови**

**2.1** Со цел да се обезбеди сигурност за соодветноста на локацијата на домот кој му е понуден на студентот потребно е :

- Соседството да биде мирно и безбедно за движење, особено навечер.

- Семејниот дом да биде во близина на јавен превоз, посебно доколку студентот мора да го користи истиот во периодот кога ќе посетува практична работа во определена институција/организација/комапнија.

**2.2** Со цел да се обезбедат добри услови за престој и добар третман на студентите, потребно е:

- Семејниот дом да биде во добра состојба, чист и безбеден.

- Да биде обезбедена соба за спиење и купатило за студентот и да биде нагласено доколку студентот треба да ги дели истите со друг член од семејството.

- Семејството треба да обезбеди дневни оброци за студентот. Доколу студентот пропушти дневен оброк поради практична настава, патување или други причини, должен е самиот да си го надомести истиот.

3. **Други услови**

**3.1** За сместување на студентите не е предвиден паричен надоместок за семејството домаќин.

4. **Изјава за согласност**

Јас ______________________ потврдувам дека моето семејство ги исполнува горенаведените услови и се согласувам дека ќе обезбедам соодветен третман за гостинот студент.

Потпис

_________________